# СВЕТИТЕ МОШТИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА МАКЕДОНИЈА. ИСТОРИЈА И ТРАДИЦИЈА

**Раководител - главен истражувач:** д-р Ели Луческа

**Соработници:** проф. д-р Красимир Стоилов, м-р Александар Василески

**Траење на проектот:** 2010-тековно

Основен предмет на истражување во проектот се светите мошти на христијанските светители со цел да се евидентираат, документираат и систематизираат, а потоа низ научна анализа да се проследат одредени, позначајни етапи од нивната појава, почит и развој како дел од длабоката духовна традиција и културна историја на Македонија. Методологијата на истражувањето е прилагодена на конкретниот проблем, односно акцентот е ставен на интеракцијата помеѓу историските и литературните извори, религијата, антропологијата и етнографијата. Меѓузависноста на овие дисциплини нѐ упатува на значењето на интердисциплинарниот метод кој во последните неколку години во хуманистичките науки се јавува како нужна претпоставка за успешно научно истражување и толкување, односно историските и литературните референци на продуктивен начин се поврзуваат со религијата, сфатена како независен начин на мислење, верување и дејствување и со резултатите од работата на теренот, односно етнографската документарна граѓа.

Досегашните сознанија нѐ наведуваат на заклучокот дека култот кон светите мошти во Македонија се градел во согласност со општествените, културно-историските и црковно-религиозните прилики низ текот на столетијата и тоа врз основа, главно, на два моменти. Првиот момент се однесува на побожната потреба за присуството и допирот со физичките остатоци и предмети, која може да биде доживеана и од поединецот, и од заедницата како „живо“ присуство на светителот и неговата моќ, а вториот момент се однесува на традицијата за поседување на свети мошти, која има за цел на стекнување на универзален авторитет и престиж во локалната, но и во пошироката, глобална христијанска заедница и црква.